UDK: 908(497.751)

ТОПОНИМОТ САВИН КАМЕН ВО АТАРОТ НА С. ВРАТНИЦА

Душан СИНАДИНОВСКИ

ИЗВОД

Во атарот на с. Вратница, постои патроним, посветен на српскиот христијански просветител Св. Сава. Топонимот фактички се однесува на една осамена карпа во вид на стог сено. Локалитетот се наоѓа на местото каде што Вратничка Река се влива во реката Вардар во Дервенската Клисура. Покрај каменот поминувал средновековниот пат кој го поврзувал Скопје со Драч. Недалеку од оваа карпа се наоѓал средновековниот град Собри на властелинот Стрез.

По некое непишано правило, сите патници застанувале покрај овој камен за да се одморат и евентуално да преноќеваат. Таков бил случајот и со Св. Сава кој во 13-ти век бил во преговарачка мисија кај властелинот Стрез во градот Собри. Пред посетата или по средбата со Стрез, Св. Сава се одморал или преноќевал покрај овој голем камен.

Бидејќи Св. Сава имал голем авторитет и почит од сето јужно балканско население, а според тоа и од Вратничаните, застанувањето на Св. Сава кај овој камен е причина поради која на истиот му е дадено името Савин Камен.

НАМЕСТО ВОВЕД

Селото Вратница се наоѓа на крајниот североисточен дел на Долни Полог, во подножјето на Шар Планина и врвот Љуботен.

Според едно вратничко предание, потеклото на името на топонимот Савин Камен во Вратница му се припишува на српскот владика Свети Сава. Се верува дека на едно или повеќето од неговите патувања низ овие предели, Свети Сава застанал да се одмори покрај таа карпа. Овој мал локалитет се наоѓа на устието на Вратничка Река во Вардар и покрај старата Драчка магистрала која го поврзувала Скопје со Драч, а преку Лешок или Тетово се двоел патот за Призрен. Од дополнително значење за веродостојноста на ова предание е и фактот што во непосредната близина на Савин Камен се наоѓал некогашниот средновековен град Собри, денес во урнатини (исчезнато градче Дворец и Дервенската Клисура). Со оглед на неговата многу значајна местоположба и бурното средновековно минато на градот Собри (што засекогаш им ги приближил животите на Свети Сава и севастократот Стрез), воопшто не изненадува што ова предание за потеклото на името на карпата Савин Камен му се препишува на овој српски владика.

ИСТОРИСКО – ГЕОГРАФСКИ АСПЕКТИ

Разјаснувањето на историската подлога на ова вратничко предание е секако од едно многу големо историско значење не само за вратничкиот крај туку тоа истовремено би

можело да послужи и како дополнително објаснување за присуството на Свети Сава во градот Собри. Сепак, врз основа на достапните фрагментизирани историски записи и аргументи, со голема сигурност може да се претпостави дека причината за престојот на Свети Сава покрај таа карпа се должи на неговата посета во градот Собри за време на една негова дипломатска мисија кај севастократот Стрез. Со оглед на тоа дека ова предание зборува за еден историски настан од почетокот на тринаесетиот век, како и долгото континуирано историско постоење на селото Вратница од тој временски период, можно е дека некои детали од тоа предание околу причината на престојот на Свети Сава покрај таа карпа да се заборавени или погрешно протолкувани.

Според податоците за животот и делото на Свети Сава, запишани од неговите средновековни биографи и следбеници Доментијан[15] и Теодосије[16] многу добро се дознава дека овој владика во својот живот многу често патувал. Уште како младо момче во 1191 година од српскиот средновековен град Рас, престолнината на кралството Рашка со кое управувал неговиот татко Стефан, тој преку Скопје отпатувал за Света Гора каде веднаш потоа се замонашил[17].

Покасно (како архимандрит и владика на ново основаната српска автокефална црква, за чие постоење тој е еден од најзаслужните) владиката Сава многу пати патувал во тогашните големи економски, политички и културни центри како што се Солун, Константинопол, Јерусалим или Никеа. Исто така, Свети Сава учествувал и во неколку дипломатски мисии во тогашните балкански и средноевропски држави, што секако дополнително укажува колку неуморна и значајна била неговата религиозна и политичка дејност. Сепак, владиката Сава најповеќе патувал низ средновековното српско кралство каде многу придонел за изградбата на безброј цркви и манастири. Свети Сава неуморно ги посетувал и селата каде ги учел земјоделците за вештините во земјоделството, градинарството, лозарството, пчеларството и другите земјоделски дејности. Затоа не е исклучива и можноста дека тој можеби еднаш или повеќе пати пропатувал покрај овој вратнички локалитет бидејќи од тука поминувал патот од Скопје за Призрен и Охрид.

Ако Свети Сава навистина имал потреба да патува по овој пат, тогаш не е исклучена можноста тој да застанал покрај таа карпа да се одмори и освежи, зошто тој локалитет е од прилика на пола ден оддалеченост од Скопје. Оваа претпоставка се потврдува и со раскажувањето на вратничките сточари и кирации кои покрај местото Савин Камен често пати забележувале групи од кирации и патници кои тука се одмарале и ручале. Исто така, според раскажувањето на постарите вратничани, локалните сточари и земјоделци преку дента вообичаено се одмарале, ручале и преспивале покрај карпата бидејќи местото било заштитено од ветерот и Вардар тука многу мирно и тивко течел[18]. Од дополнително значење е и фактот што карпата е висока околу четири метри и е значително наведната кон Вардар, така што нејзиното подножје служело како скривница од разбојниците и засолниште од ветрот и дождот. Овие податоци за карпата несомнено укажуваат дека таа била еден од поглавните пунктови на тој пат па затоа таа била вообичаеното место за одмор и засолниште.

---

[15] *Доментијан,* Житије Светог Саве

[16] Теодосије, Житије Светог Саве

[17] Доментијан, Житије Светог Саве

[18] Стојко Димовски, 19 јануари 2016 година, Royal Oak, Michigan, USA.

ПРОУЧУВАЊА ОД ДРУГИ АВТОРИ

Ова сознание за Савин Камен, како вообичено и позначајно место за застанување и одмор на патниците, дополнително се потврдува и со пишувањето на познатиот англиски патеписец Едмонд Спенсер. Тој, патувајќи од Тетово за Скопје, не само што не останал рамнодушен на Дервенската Клисура, туку кажува дека пред да го помине Вратничкиот мост, тој и неговиот водич, кираџиецот Горѓи, застанале помеѓу двете реки да се одморат, да ручаат и да се помолат за безбеден пат[19]. Меѓу другото, Едмунд Спенсер исто така раскажува дека за време на ручекот, тука се собрале многу кираџии од различна вероисповест и припадност. Тие многу добро меѓусебно се познавале, а за време на ручекот се почастувале еден со друг со јадење и со ракија[20]. Иако прецизно не го означил Савин Камен (местото каде тие се одмарале), од неговите забелешки се потврдува дека тоа било устието на Вратничка Река во Вардар, значи местото каде се наоѓа Савин Камен. Сознанието дека местото покрај Савин Камен им било вообичаено одморалиште на патниците и кираџиите и фактот дека и Свети Сава многу патувал, индиректно укажува за неговиот престој покрај таа карпа.

На ова вратничко предание за престојот на Свети Сава покрај карпата што се верува дека го носи неговото име, внимание посветил и познатиот вратнички автор и професор д-р Славко Милосавлевски. Тој имал поопширно познавање за карпата и местата околу неа. Во својот труд *Вратница-етносоциолошки преглед* ја опишува оваа карпа како еден голем камен што се наоѓа на устието на Вратничка Река во Вардар, дека во неговата близина лежи Орашкото Кале (градот Собри) и дека Савин Камен се наоѓа на едно многу стратешко место во Дервенската Клисура. За Орашкото Кале, односно градот Собри, Милосавлевски наведува дека тоа било "еден од бројните војнички логори и крепости на српските и македонските средновековни владатели и велможи[21]." Од овој цитат многу добро се гледа дека не само што овој вратничанец неоспорно добро ја разбирал стратешката местоположба на Савин Камен туку тој истовремено поседувал подлабоко разбирање и за средновековната историја за градот Собри и пределот околу него. Меѓутоа, тој никаде не споменува дека на каменот се забележуваат било какви отисоци или вдлабнатини за кои некои писатели сметаат дека тоа се последици од одморот на Свети Сава на тој камен[22].

Сепак, Милосавлевски понатака пишува дека потеклото на името Савин Камен е "поврзано со една легенда според која Сава Немањиќ, првиот српски архиепископ, на пат од Охрид, преку Тетово, за Хиландар (преку Скопје) бил присилен да логорува една ноќ или повеќе под стреите на каменот и на пасиштата што се наоѓаат во неговата непосредна близина[23]. Во суштина овој автор се потрудил приближно дословно да го прикаже ова вратничко предание, зависно од тоа од кого го слушнал и како го разбрал. Меѓутоа, тој се оградува од подетални коментари затоа што, како што вели, за ова предание не постоеле пишани документи и дека без историски докази тој настан поврзан

[19]Edmund Spencer, Travels in European Turkey in 1850, s. 25

[20]Edmund Spencer, Travels in European Turkey in 1850, s. 25.

[21]Славко Милосављевски, Вратница — Етносоциолошки преглед, с. 15.

[22]Боривоје Дробњаковиќ, Народна Религија код Срба, с. 43.

[23]Славко Милосављевски, Вратница — Етносоциолошки преглед, с. 15.

со светецот Сава и понатака ќе остане само една легенда која е сочувана и ден-денес кај мештаните во селото Вратница[24]. Исто така не е сосема јасно зошто Милосавлевски тука не прави разлика помеѓу *предание и легенда и* зошто пишува дека Свети Сава бил *присилен* да логорува покрај карпата, додека преданието пак кажува дека владиката само застанал да се одмори покрај неа. Покрај овие отстапувања од вратничкото предание, авторот прави уште неколку неразбирливи нелогичности со името Сава Немањиќ и со непотврдената претпоставка дека Свети Сава поминал покрај овој камен на пат од Охрид за Хиландар преку Скопје.

Прво што не е јасно е зошто Милосавлевски ова народно предание го нарекува легенда. Сигурно му било познато дека функцијата на легендите е да го увеличуваат лицето на кое му се припишува некое дело или настан и што навлегува во реалност на невозможноста за обичните луѓе, додека преданијата се усно пренесување на некои настани од минатото од поколение на поколение. Според тоа на легендите или им се верува или не, додека преданијата или се точни или не. Наспроти тоа, ако Милосавлевски се придржувал на оваа разлика помеѓу легенда и предание тогаш може да се разбере зошто тој немал потреба за понатамошно толкување на врската помеѓу Савин Камен и Свети Сава бидејќи тој однос е без емпириска вредност. Меѓутоа, тој исто така го забележал престојот на Свети Сава покрај таа карпа како "настан поврзан со името на овој српски просветител[25]" што е во директна противречност со смислата на зборот легенда зошто зборот настан означува некоја позначајна појава во животот на луѓето.

Точно е дека одморањето на владиката Сава покрај карпата, може да се толкува како еден вид на настан, без разлика на тоа дали тој престој бил или не некој позначаен момент во неговиот живот. Но, ако Милосавлевски одмарањето на владиката Сава го сметал како настан од пошироко значење без одредена цел или безначајна појава, тогаш во таа смисла секој еден момент од животот на Свети Сава би требало да се смета за легенда. Секако е дека Милосавлевски не очекувал една таква последица што произлегува од неговата неограничена употреба на зборот легенда. Ако пак под терминот *настан* тој подразбирал некое поважно случување поврзано со Свети Сава, односно лицето што било присилено да престојува покрај карпата, тогаш толкувањето на тој настан како легенда е без прифатлива основа. Според тоа, очигледно произлегува дека Милосавлевски не правел разлика меѓу легенда и предание, употребувајќи ги зборовите наизменично, без строго да се придржува на едната или другата смисла. Можеби авторот како горд вратничанец, бил само со намера да го воздигне тоа предание на ниво на легенда и со тоа да му даде еден повисок степен на уваженост на тој настан поврзан со Свети Сава.

Второ, што е исто така воопшто неразбирливо, е претпоставката на Милосавлески дека владиката Сава бил присилен тука да логорува, но не објаснувајќи по која причина. Овој податок материјално отскокнува од селското предание кое само зборува дека владиката Сава доброволно се одмарал под карпата кога поминувал по тој пат. Ако Свети Сава бил присилен да логорува покрај карпата, тогаш се подразбира дека тоа било или по некоја непредвидена причина или пак по некоја претходно испланирана

[24] Ibidem. c. 15.
[25] Ibidem. c. 16.

задача. Меѓутоа авторот не објаснува која од овие две причини била мотив за присилниот престој на владиката покрај карпата. Секако е дека тоа може да се објасни со некои природни причини, како што се дождот, ветрот или преноќувањето. Можеби на владиката му претстоела некоја опасност на патот за Скопје, па тоа го присилило да преноќи една или повеќе ноќи под стреите на карпата. Но, без дополнителни податоци за овој настан, мислењето на Милосавлевски и понатаму останува под знак прашање.

Сепак не е исклучена можноста дека на Милосавлевски му било познато дека Свети Сава бил испратен во градот Собри од неговиот брат и српскиот крал Стефан Првовенчани на една многу важна дипломатска мисија[26]. Оваа претпоставка би можела да се оправда и со сознанието што овој автор многу добро ја познавал средновековната историја поврзана со градот Собри. Во тој случај, таа дипломатска мисија на Свети Сава би можела да се карактеризира за еден престој во градот Собри. Меѓутоа, ако тие детали од животот на Свети Сава биле познати, се поставува прашањето зошто истото не го нагласил, со што би се избегнало недоразбирањето околу причината за присилниот престој на српскот светец покрај Савин Камен. Затоа, зачудува што Милосавлевски, како писател и роден вратничанец, кој за ова предание имал можност многу често да слуша, не се потрудил повнимателно да го објасни неговото мислење за присилниот престој на Свети Сава покрај Савин Камен.

Трето, што е уште позагаточно во обидот да даде поддршка на ова предание, Милосавлески претпоставува дека причината што наводно го довело Свети Сава во овој вратнички предел е неговиот пат од Охрид за Хиландар преку Скопје. Оваа патна маршута како што ја предложува Милосавлевски, била барем за неколку дена подолга одколку патот Охрид - Битола - Воден - Солун - Хиландар, односно по делницата од некогашниот римски пат Виа Игнатиа. Се разбира дека е можно Свети Сава на едно од неговите патувања да бил приморан прво да допатува во Скопје, а потоа да замине за Хиландар, со што оваа заобиколка на Свети Сава од Охрид за Хилендар преку Скопје би можела да се оправда. Меѓутоа без проверливи историски податоци, навистина е неразумно и невозможно да се докаже дека архимандритот Сава би избрал една ваква патна маршута.


Вистина е дека во неговиот живот Свети Сава многу често патувал и престојувал во многу места, но досега не се откриени проверливи историски податоци со што ќе се докаже дека тој престојувал во Охрид, или пак во Призрен. На пример, во приложената карта каде се зацртани сите негови патувања се гледа дека Свети Сава повеќе пати поминал низ Скопје за Хиландар, но никогаш од Скопје за Охрид или од Призрен за Охрид[27]. Наспроти тоа, според досега докажаните патувања на Свети Сава, дефинитивно може да се претпостави дека овој владика најверојатно никогаш доброволно не патувал по Драчката магистрала, што значи мислењето на Милосавлевски дека тој бил присилен да престојува покрај карпата е без историска основа.

Четврто, воопшто не е јасно зошто Милосавлевски го ословува Свети Сава со името Сава Немањиќ кога се знае дека во средновековна Србија, вклучувајќи ја тука и српската православна црква, не е забележено некое историско лице со име Сава Немањиќ. Најверојатно Милосавлевски тука мисли на Растко Немања, синот на жупанот Стефан Немања. Името Сава е монашкото име на Растко што потекнува од грчкото име sabbas и

26 Свети Сава, Житије Светог Симеона

27 Александар Дероко, Путовања Светог Саве 1191 - 1237

што значи постар и помудар човек.



Слика 1: Карта со патувањата на Св.Сава по Балканот и Источниот Медитеран.

Секако дека оваа збрка околу монашкото име на Растко, не го доведува во прашање идентитетот на владиката Сава, но сепак претставува една голема грешка која не придонесува за подобро разбирање на средновековната историја. Исто така, Милосавлевски чини уште една грешка кога го ословува монахот Сава со презимето Немањиќ. Како прво, кога некое црковно лице се замонашува, тој автоматски се откажува од личното име и презиме за целиот негов монашки живот. Второ, во средниот век не само во балканските држави туку и во сите европски држави презимињата воопшто не постоеле. Презимињата се измислени во модерните западноевропски држави во петнаесетиот век поради потребата за поефикасна евиденција на населението, особено во големите градови како што тоа биле Лондон, Париз или Венеција. Покрај тоа, презимињата во Европа за прв пат се озаконети со законска одредба во Англија со една уредба на кралот Хенри Осми[28]. Слично, за непостоењето на презимињата во средновековна Србија се потврдува и од средновековните српски хрисовуљи и турски дефтери каде жителите на селата и градовите се запишувани само со името[29]. Првите матични книги во Србија почнуваат да се водат во 1837 и тоа во црквите, но евиденцијата на родените, венчаните

[28]Cynthia Blevins Doll, Harmonizing Filial and Parental Rights in Names: Progress, Pitfall and Constitutional Problems, Harvard Journal of Law 35, strana 227
[29]Архиепископ Данило II, Житије Краља Милутина

и умрените не била секогаш заведувана со презимиња туку со името на таткото[30]. Дури во 1851 година кнезот Александар Караѓорѓевиќ со една законска уредба наредува српските презимиња да се усвојат од најстариот маж во фамилијата и сите презимиња да завршуваат на наставката *иќ*[31]. Наспроти тоа, врз основа на овие историски податоци, ословувањето на владиката Сава со Сава Немањиќ е сосема погрешно затоа што во времето кога тој живеел и творел, презимињата воопшто не постоеле.

Според тоа, врз основа на достапните историски податоци и аргументи, обидот на Милосавлевски да му даде историски контекст на преданието или легендата како што го смета тој настан, не ги задоволува историските услови за вистинитоста на ова предание. Можеби авторот се соочил со недостиг на проверливи историски извори и податоци, па затоа не навлегол во подлабока расправа за вистинитоста на ова предание. Сепак, тоа не може да биде некаков одговор зошто на авторот многу добро му била позната историјата и стратегиската важност на градот Собри за што и тој самиот пишува дека таа крепост најчесто се поврзува со кнезот Стрез[32]. Затоа, се што може да се извлече од неговиот краток напис за преданието за Савин Камен е дека Милосавлевски не бил со цел да го оправда тоа предание, туку тој едноставно сакал само да го привлече вниманието на пошироката јавност за ова мошне интересно народно предание.

Многу посолиден аргумент за потеклото на името на топонимот Савин Камен предложиле авторите Илија Петрушевски и Николина Петрушевска. Тие начелно се согласуваат со мислењето дека името Савин Камен се поврзува со големиот српски светец, но додатно наведуваат дека тоа се случило кога Свети Сава во 1282 година по преговорите со Стрез во Собри преноќил покрај овој камен[33]. Од овој цитат веќе се согледува еден поконкретен потфат со кој се одредува временскиот период кога Свети Сава престојувал тука и причината по која тој бил приморан да го посети градот Собри[34] и да се засолни покрај Савин Камен. Авторите сметаат дека таа дипломатска мисија на Свети Сава во градот Собри, била во 1282 година, точно 68 години после овој историски настан. Меѓутоа, Свети Сава живеел и творел од 1174 до 1236 година кога се упокоил во Велико Трново, Бугарија, што значи дека тој не бил жив во времето кога овие автори ја одредуваат заверата против Стрез. Најверојатно авторите ја погрешиле годината 1282 со времето кога кралот Милутин ги освоил двата Полога и ги разурнал неговите градови[35]. Но и покрај таа грешка, претпоставката на Петрушевски и Петрушевска, дека Свети Сава веројатно престојувал во градот Собри е со многу солидна историска поткрепа.

Претпоставката дека средбата меѓу владиката Сава и властелинот Стрез се случила во градот Собри[36] е општо прифатена од повеќе историчари кои ги проучувале средновековните балкански држави. Според грамотата *Житије кнеза Стрегана* од еден непознат скопски монах, најверојатно таа средба се случила некаде во 1214 година, кога Стрез со силна војска од триесет илјади војници се подготвил за борба против Стефан

---

30 Мирољуб Арсиќ, Црквене матичне књиге у законским преписиме кнежевине Србије, с. 57.

31 Ibidem. с. 57.

32 Славко Милосављевски, Вратница — етносоциолошки преглед, с. 15.

33 *Илија Петрушевски и Николина Петрушевска,* Зборник на топонимите на северноисточниот дел на Долни Полог, *с. 101.*

34 *Иван Микулчиќ* , Средновековни Градови во Македонија, *с. 330.*

35 Тетово и тетовско низ историјата, *Глава II, с. 67.*

36 Петар Мутафчиев, Владателите на Просек, с. 280.

Првовенчани[37]. Во истата хагиографија од непознатиот монах, се споменува дека Стрез се улогорил во некоја нова крепост што тој ја изградил на четири часа оддалеченост од Скопје покрај Вардар[38]. Бугарскиот историчар Петер Мутафчиев смета дека иако оваа грамота има повеќе историски невистини, сепак и тој се сложува дека постои прифатлива можност дека Стрез бил во градот Собри. Според него, градот Собри најверојатно била најсеверната граница на македонската територија со која владеел севастократот Стрез. Каде точно била улогорена српската војска не е познато, но Петер Мутафчиев е со мислење дека тоа било некаде покрај Шар Планина. Тоа веројатно би можело да биде некаде во полето околу селото Длабочица зошто местото е во подножјето на Шар Планина и како што тоа го кажува Теодосије, архимандритот Сава успеал истата ноќ незабележан да се префрли во логорот на српската војска.

Во грамотата, исто така се спомнува дека на реката Вардар постоел еден мост од каде Стрез ги фрлал во Вардар српските велеможди за кои тој сметал дека не му биле верни и притоа им се исмејувал да внимаваат да не ги измократ нивните кожуви во реката[39]. Меѓутоа, српскиот историчар Гедеон Јосиф Јуришиќ тврди дека тој средновековен град, што се споменува во грамотата *Житије Књаза Стрегана,* бил градот Просек или Стрезов град и додава дека веднаш под неговите ѕидови постоело некогашното село Собрија. Меѓутоа, Јуришиќ тука погрешил, зошто денес точно се знае дека градот Просек бил изграден во Демир Капија на карпите на Вардар, додека градот Собри бил изграден на брдото од левата страна на Вратничка Река и Вардар.

Сепак, претпоставката дека севастократот Стрез, кога го примил архимандритот Сава на преговорите, бил улогорен со својата војска во градот Собри од каде се подготвувал за напад против рашкото кралство, ја поддржува и бугарскиот историчар Тодор Геров. Според Геров, Стрез со голема почит го пречекал архимандритот Сава во крепоста која сега е наречена Стрезово Кале до Тетово[40]. Очигледно и Геров неточно ја одредува крепоста Собри во близината на Тетово, но неговата претпоставка за местоположбата на Собри не би требало да се зема како дефинитивна одредница зошто тој можеби не мислел на градот Тетово туку некаде во тетовскиот предел. Значи се гледа дека поголем број на историчари што се занимаваат со историјата од средниот век се со мислење дека градот Собри било местото каде се сретнале Свети Сава и властелинот Стрез, но неточно ја одредуваат неговата местоположба.

Американскиот историчар *John B.A. Fine,* кој се занимавал со историјата на средновековните балкански држави е со децидно мислење дека средбата меѓу Свети Сава и болјарот Стрез се случила некаде во горниот тек на реката Вардар. Според професорот *Fine,* властелинот Стрез во времето кога се подготвувал да го нападне српскиот крал Стефан Првовенчани тоа не го чинел од градот Просек, туку со својата војска се упатил на север по реката Вардар и се улогорил во градот Полог кај денешно Тетово[41] [42]. Професорот *Fine* не објаснува на кој град тој специфично мислел кога го сместува Стрез

[37] Ibidem. c. 270.
[38] Ibidem. c. 270.
[39] Ibidem. c. 270.
[40] Тодор Геровк, При Шарк, с. 25.
[41] John V. A. Fine, The Late Medieval Balkans: *A critical survey from the late twelfeth century to the Ottoman Conquests,* s. 102.
[42] Ibidem. c. 102.

блиску до Тетово или каде се наоѓал тој непознат град Полог, но сигурно е дека тој сепак не мислел дека тоа било денешното Тетово бидејќи не се откриени било какви историски податоци што укажуваат дека Стрез некогаш престојувал во овој град[2S]. Ако навистина постоел градот Полог и ако тој град не бил градот Собри, тогаш постои оправдано сомнение дека средбата помеѓу владиката Сава и болјарот Стрез можеби не се случила во градот Собри. Меѓутоа, оваа претпоставка на професорот *Fine* не би требало да се прифати како оправдана затоа што во неговиот труд тој никаде не прави разлика помеѓу градот Полог и котлината Полог.

Сепак, оваа дилема околу локацијата на средбата помеѓу Свети Сава и севастократот Стрез најразумно ја разрешил бугарскиот историчар Петер Мутафчиев. Тој е со мислење дека властелинот Стрез и Свети Сава се сретнале во калето Собри, како него го нарекува овој историчар, а не во градот Полог, односно Тетово, како што тоа го мисли *John Fine*. Мутафчиев тврди дека *калето* Собри, за време на царството на бугарскиот цар Борис била неговата најсеверна гранична позиција во Македонија и кога владетелот Стрез[43] ја презел власта во Македонија во свои раце, тој со својата војска допатувал од Просек во Собри. Понатака, Мутафчиев напоменува дека од Собри за Србија преку Шар Планина постоеле повеќе патишта што овозможувале несметано движење на војските. Затоа, нападот на српскиот крал Стефан, за кого не се знае каде точно бил улогорен, требало да се изведе од градот Собри[44]. Покрај сите тешкотии да се докаже каде била средбата помеѓу Сава и Стрез, Мутафчиев заклучува дека животот на Стрез сепак завршил во градот Собри[45] веднаш по нивната средба.

Причината за престојот во Собри на монахот Сава била да го одврати болјарот Стрез од сојузништвото со бугарскиот цар Борис и латинскиот крал Хенри Фландриски, а можеби и епирскиот крал Михаил II Ангел[46], од борбата против српското кралство Рашка. По пристигнувањето, владиката Сава бил достоинствено пречекан од болјарот Стрез зошто тие се познавале уште кога Стрез престојувал кај жупанот Стефан, таткото на Свети Сава. На заедничката вечера, владиката Сава го убедувал овој севастократ да отстапи од тоа сојузништво потсетувајќи го дека го прифатил и му дал засолниште кога тој бил прогонуван од бугарскиот цар Борис, токму Стефан Првовенчани и потоа со српската војска му помогнал да завладее со Македонија. Жупанот Стефан имал голема доверба во него, па му го подарил градот Просек што бил изграден на високите карпи на Демир Капија[47]. Свети Сава исто така го потсетил Стреза дека тој и кралот Стефан се збратимиле еден со друг пред Господ и дека тие се заколнале да не се напаѓаат и заеднички да се бранат од непријателите. Меѓутоа, таа дипломатска мисија на Свети Сава не му успеала, бидејќи Стрез не го прифатил предлогот да не ја напаѓа Србија. Разочаран и потиштен, Свети Сава после вечерата се повлекол од градот и се сместил во неговиот шатор каде за извесно време и се молел на Св. Богородица за спасение на српското царство и потоа тивко и неприметливо истата ноќ се вратил во логорот на Стефан Првовенчани незабележително.

---

[43] Петар Мутафчиев, Владителите на Просек, с. 276.
[44] Ibidem. с. 270.
[45] Ibidem. с. 281.
[46] Радивој Радиќ, Свети Сава и смрт обласног господара Стреза, с. 53.
[47] *Дометијан,* Житије Светог Саве

Свети Сава со молитва му се молел на Господ да испрати некој од неговите ангели и да му се освети на Стрез како што тоа Господ го сторил по молитвите на Свети Димитрија и го усмртил бугарскиот цар Калојан кој бил со намера да го освои градот Солун[48]. Според биографите Дометијан и Теодосије, истата таа вечер Господ навистина му се смилувал на молитвите на Свети Сава, бидејќи сакал да го поштеди српското царство, па испратил еден храбар ангел кој го „убол Стрез со копје среде неговото луто срце"[49]. Досега, не се откриени сите детали околу ова убиство, па затоа точно не се знае како тоа се случило и дали владиката Сава бил вмешан во таа завера како што сметаат некои историчари. Меѓутоа, истата таа ноќ пред да им подлегне на раните, како тоа го објаснува биографот Теодосије, болјарот Стрез успеал да проговори и да го обвини владиката дека "некој страшен војник по наредбата на Сава на спиење ме нападна, ми го извлече мечот и со него ми го прободе срцето"[50]. Веднаш по нападот, Стрез им наредил на неговите војници да го доведат архимандритот Сава кај него, за да се помолат заеднички за неговото спасение, но војниците не го пронашле монахот Сава бидејќи тој веќе заминал од неговиот шатор што бил покрај Вардар и Савин Камен.

Како била планирана таа завера против Стрез и како била изведена и ден денес не е потполно разјаснето. Според Теодосије, владиката Сава воопшто не знаел што се случило таа вечер и за убиството на властелинот Стрез разбрал од некои велимножди кои избегале од Стрезовата војска и го стигнале на патот кон српскиот логор и потоа тие точно му раскажале како се случило тоа убиство. Истото тоа го кажува и Дометијан[51], што значи според нивните раскази, владиката Сава воопшто не бил вмешан во таа завера. Меѓутоа, денешните историчари се со мислење дека архимандритот Сава сепак имал некоја вмешаност. Според мислењето на *John Fine,* многу е веројатно дека некои од српските старешини кои биле во служба на болјарот Стрез, ја извршиле таа завера најверојатно во согласност со архимандритот Сава[52]. Затоа, според бугарскиот историчар Тодор Геров, истата ноќ Стрезовите војници дошле да го бараат Свети Сава во неговиот шатор „таму каде Вардар тивко тече" (кај Савин Камен), меѓутоа, српскиот светител веќе ја преминал планината Шара[53]. Како и да е, со убиството на Стрез опасноста за опстанокот на српското царство била отклонета. Сепак престојот на Свети Сава во градот Собри, според претпоставката на авторите Петрушевски и Петрушевска, претставува еден вистински историски настан, со што вратничкото предание за Савин Камен се здобива со една многу поширока и подлабока историска димензија.

За темата околу постоењето на градот Полог, можниот град на средбата помеѓу владиката Сава и севастократот Стрез, се занимавал и Томо Томоски. Тој во својот извонреден труд *Дали постоел градот Полог* е на мислење, дека не постои историска реалност да му се припише постоењето на некој полошки град со името Полог[54]. Томоски смета дека збрката околу постоењето на овој град настанала од историчарите Идризи и Марин

---

48 Теодосије, Житије Светог Саве
49 Ibidem.
50 Ibidem.
51 Дометијан, Житије Светог Саве
52 John A.V. Fine, The Late Medieval Balkans: *A critical survey from the late twelfeth century to the Ottoman Conquests*, s. 102.
53 Тодор Геровд, При Шарк, с. 26.
54 Тото Томоски, Дали постоел градопт Полог, *с. 272.*

Берлециус кои погрешно претпоставиле дека градчето Градец, кое се споменува во грамотата *Житије Светога Симеона* од Стефан Првовенчани, во суштина е непознатиот град Полог[55]. Меѓутоа, според Томоски, обидот да се идентификува градчето Градец кај Гостивар со исчезнатиот град Полог, што ја подржувале и познатите историчари за среден век В. Томашек и П. Грујиќ, е без историска основа. Тој исто така не се сложува и со Јован Трифуноски кој мислел дека тој непознат град се наоѓал во близината на селото Милетино[56]. Сепак историчарот Томоски сметал дека иако градчето Градец не било некогашниот непознат град Полог, тоа не значи дека некогаш во Полошката Котлина не постоел некој град со името Полог.

СРЕДНОВЕКОВНОТО ГРАДЧЕ ГРАДЕЦ

Можеби историчарите го бараат некогашното средновековно градче Градец на погрешно место и со погрешна метода, па затоа и не зачудува што досега тоа не е откриено. Многу е неразумно зошто досега никој не се обидел да го смести градчето Градец кај денешното село Дворце кое се наоѓа во Дервенската Клисура од десната страна на реката Вардар. Дворце е неколку стотини метри од завојот на реката Вардар во близината на с. Јегуновце и во близината на местото каде реката многу тивко тече. Исто така, на неколку стотици метри северно од Дворце, по текот на Вратничка Река и на едно високо брдо, бил изграден некогашниот град Собри. Многу важен е и податокот што во непосредна близина на Дворце се наоѓа карпата Савин Камен, значи местото каде Свети Сава се одморал. Ако и се верува на грамотата *Житије књаза Стрегана* од непознатиот монах, денешното село Дворце е четири часа оддалечено од Скопје, па затоа е сосема прифатливо де се претпостави дека можеби тоа било некогашната помала крепост која ја изградил севастократот Стрез и од каде го контролирал Дервенскиот теснец. Значи локацијата на денешното село Дворце во потполно се совпаѓа со историските забелешки за местото на престојот на Свети Сава и неговата средба со Стрез.

Средновековните градови не само што биле место за живеење туку тие имале и воено-политичка функција, па затоа градовите биле градени на високи и не многу лесно достапни места. Обиколните ѕидови на градовите биле исклучително дебели, високи и биле градени од цврст, отпорен и издржлив материјал, обично делкан камен или печена тула. На ѕидовите се граделе по неколку кули кои служеле за набљудување, потоа како магацини за воената опрема или жито, или пак по потреба како затвори. Среновековните градови обично имале по една голема, главна влезна врата, или *вратница* како што се нарекувала во Средниот век и до две-три помали споредни врати зависно од големината на градот. Во внатрешниот простор или дворовите како што тој простор се нарекува сега, биле сместувани војската и целокупната посада на царот, кнезот, болјарот или другите властелини кои биле во можност да изградат и да одржуваат еден таков град. Исто така, во дворовите биле сместени занаетчиите, мајсторите, продавниците и многу други работилници неопходни за секојдневниот градски живот. Со други зборови, градовите - тврдини во Средниот век биле еднен вид државни и политички центри од каде власта управувала со народот.

[55] Ibidem. c. 272.
[56] Ibidem. c. 272.

Тврдините-градови во Средниот век се викале и дворови. Во тоа време името *двор* означувал не само место каде живееле царевите или властелините, туку во дворот била сместена и државната власт[57]. Меѓутоа, со време зборот *двор* го изгубил оригиналното значење и денес тој збор претежно означува двориште или гумно, односно празното место пред куќите или зградите. Зборот *двор* потекнува од латинскиот збор *dur (durus)* што означува издржливост, цврстина, тврдост, отпорност или пак истрајност, што значи смислата на зборот *двор* се однесувала на тврдите ѕидови каде биле сместени царските дворови. На пример, кога се вели дека градот Прилеп бил царски двор, се мисли дека тој бил царски град затоа што тука била престолнината на царот. Ако градот бил поголем, тогаш тој се викал голем град или само град, додека ако бил помал тогаш се викал градец или градче. Исто така, ако царскиот двор бил поголем тогаш тој се нарекувал голем двор или само двор, додека пак ако тој бил помал тогаш се нарекувал дворец или дворце, зависно од локалниот дијалект. Наспроти тоа, не е неразумно да се прифати мислењето дека денешното село Дворце некогаш веројатно било помалечко градче или дворец и по што го добило денешното име.

Една од главните причини што историчарите го бараат некогашното градче Градец во близината на Гостивар е поради редоследот на набројувањето на полошките средновековни градови кои ги освоил жупанот Стефан. Во грамотата *Житије Светог Симеона* се нагласува дека овој српски жупан ги освоил и ги разурнал градовите Скопје и Лешок во Долни Полог и градот Градец[58]. Тука историчарите претпоставуваат дека кога жупанот Стефан навлегол во Полог и ги разурнал овие полошки градови, тој навлегол од Скопје на пат кон Призрен. По таквото размислување, почнувајќи од Скопје се претпоставува дека градчето Градец било последното на ред што жупанот Стефан го освоил и дека тоа било последното градче во Полошката Котлина и се наоѓало некаде помеѓу Лешок и Призрен. Меѓутоа, во оваа претпоставка се направени две грешки. Прво, грамотата за жупанот Стефан е пишувана од Стефан Првовенчани кој не учествувал во тие походи и тој веројатно ги запишал деталите од тој поход онака како тој ги чул и разбрал што не значи дека тој редослед му бил дословно раскажан. Згора на тоа, во истиот тој редослед градовите Ниш, Сврљиг, Равни и Козли се наведуваат после Призрен, но тие се наоѓаат пред Скопје па затоа редоследот на набројувањето на освоените градови би требало да почне од Ниш. Значи таа претпоставка дека освоените градови се заведени по редот онака како што тие биле освојувани не е оправдана. Второ, средновековните српски хагиографи не воделе многу сметка за деталите околу местата и времето на позначајните историски настани, што се потврдува и со темата на овој труд, па затоа не би требало да се обрнува поголемо внимание на тој редослед. Наспроти тоа, градчето Градец за кое се зборува во грамотата за жупанот Стефан, не би требало да се бара исклучиво помеѓу Лешок и Гостивар, зашто можело да биде и денешното село Дворце.

Секако дека ова истражување за локацијата на средновековниот град Градец има потреба од дополнителни историски извори и податоци. Врз основа на презентираните аргументи и забелешки, постои разумна основа да се прифати мислењето дека денешното село Дворце е можеби некогашното градче Градец. Впрочем и Томо Томоски за некогашното градче Дворец, во книгата *Тетово и тетовско низ историјата,* пишува

[57] С. Ќирковиќ, Лексикон српског средњег века, Електронски печат .

[58] Стефан Првовенчани, Житије Светог Симеона

дека тоа лежело на едно високо брдо и доминирало со Дервенската Клисура во подножјето[59]. Наспроти тоа не би било неразумно ако исчезнатиот град Полог се поврзе со градчето Дворце. Сеедно дали денешното село Дворце настанало на темелите на некогашниот исчезнат град Градец или Полог, ни најмалку не фрла сомнеж на мислењето дека Свети Сава и севастократот Стрез се сретнале или во градот Собри или пак во средновековното градче Дворце што се наоѓа во неговата близина. Затоа, ако со помош на додатни историски податоци точно се докаже дека сегашното село Дворце е некогашното исчезнато градче Градец, тогаш нема сомнение дека средбата помеѓу монахот Сава и севастократот Стрез била некаде во близината на Савин Камен.

Покрај овие историски податоци и аргументи, со што се докажува присуството на севастократот Стрез и владиката Сава во градот Собри и неговата поблиска околина, постојат уште многу други преданија што дополнително укажуваат на една таква веродостојност. На пример, бугарскиот историчар Тодор Геров забележал дека Свети Сава за време на неговиот престој во градот Собри се улогорил под еден шатор покрај реката Вардар, но таа многу жуборела па тој неможел добро да прислушне за некоја вест што нестрпливо ја очекувал за судбината на Стрез па и наредил на неа да се затиши.[60] Споменатото место исто така го посетил и српскиот етнограф Јован Хаџи Васиљевиќ кој забележил дека кај местото *Враттнички Мост* или *Цигански Камен,* Вардар е "најтивок, како да не тече"[61]што локалното население тоа му го објаснило дека Вардар тука "трае, мирува",[62] Хаџи Васиљевиќ точно го определил местото каде се наоѓа Савин Камен и каде Вардар многу мирно тече, но тој го заменил Савин Камен со Циганси Камен. Локалитетот Циганси Камен е неколку стотини метри подалеку од Вратнички Мост и блиску до Грујчев Камен. Каков удел Св. Сава имал во смирувањето на жуборењето на реката Вардар и зошто Вардар тука е тивок, е тема што и припаѓа во збирката за легенди на светецот Сава. Сепак и од овие забелешки се увидува дека неговото присуство во овој крај народот го сметал како еден вистински историски настан.

Едно многу поинтересно предание за присуството на севастократот Стрез во градот Собри и неговата контрола над Дервенскиот премин го забележил и бугарскиот историчар Петер Мутафчиев[63]. Според него, Стрез изградил некоја стражарница скриена во карпите на Дервенскиот теснец со цел скришум да го надгледува патот под карпите. За таа цел тој го попречил патот со синџир, а некаде се споменува и со врата, така што патниците биле попречени слободно да го поминуваат тој опасен теснец. Откако патниците би биле запрени, Стрезовите војници со вперени стрели во патниците им ја запленувале робата, а оние кои му се противеле тој или пукал во нив, или ги туркал во Вардар или пак ги дигал со макара високо во воздух и веднаш ги пуштал од високо да паднат на земја. Можеби оваа свирепост погрешно му се припишува на болјарот Стрез затоа што во неговото време барутот (во Европа) и пушката се уште биле непознати, сепак неговиот темпераментен карактер е забележан и во грамотите на Дометијан и Теодосије кои пишуваат дека Стрез живи ги фрлал во Вардар српските велможди.

---

59 Тетово и тетовско низ историјата, *Книга I , с. 47.*

44 Тодор Геровк, При Шар, с. 26.

61 Јован Хаци Васиљевиќ, По Тетовској Области, с. 4.

62 Ibidem. с. 4.

63 Петар Мутафчиев, Владителите на Просек, с. 276.

Ова предание не е без основа бидејќи на локалното население им било познато дека теснецот во Дервенската Клисура од Вратничка Река до излезот во Полошкото Поле кај селото Јегуновце од секогаш им било идеално место на разбојниците и арамиите. Дека одметниците тука правеле заседи за напад над патниците се потврдува со имињата на топонимите како што се *Циганси Камени Татин Вр* (зборот *тат*[64] е од старословенскиот јазик и значи крадец).

За овој многу ризичен теснец раскажувале и постарите вратничани дека тука некогаш постоела некаква врата низ која морале да поминат сите патници и поставените стражари им наплатувале на патниците за безбеден премин низ тој теснец.

ДРУГИ ЗАПИСИ И ПРЕДАНИЈА ПОВРЗАНИ СО ЛОКАЛИТЕТОТ

Можеби едно од најимагинарните преданија поврзани со властелинот Стрез и поткрепено со вратничкото предание, а според тоа индиректно со Свети Сава, е легендата што ја забележил Ѓорче Петров. Според неа, некој војвода со името Стрез направил една голема брана во најтесниот предел на реката Вардар во Дервенската Клисура и кој потоа се исполнил со вода се до местото Здравев Забел[65]. Подоцна, во дното на вирот заживеала една голема и страшна ламја која била страв и трепет за целата тетовска околија. Народот многу се плашел од неа, но за среќа се нашол некој јунак од некое поблиско, но сега веќе исчезнато село кој со стрела ја отепал ламјата и така го спасил населението од пакоста. Народот му го заборавил името на тој јунак, како тоа го забележува Ѓорче Петров, но затоа пак денешното име на градот Тетово настанало по зборот *тетива,* како што во тоа време народот ја нарекувал стрелата.

Записот на Ѓорче Петров дека војводата Стрез ја заградил реката Вардар во најтесниот дел на Дервенскиот теснец додатно се потврдува и од еден расказ од Јован Хаџи Васиљевиќ[66]. Според овој етнограф, мештаните од локалните места му раскажале дека во близина на селото Дворце, каде постоел еден локалитет кој се вика лагум, од вирот на Вардар па се до Групчин тој подземен канал служел за доведување на вода. Некои зборувале дека тој лагум го граделе Римјаните, додека пак поучените луѓе, како тоа го кажува Хаџи Васиљевиќ, дека каналот го прокопал војводата Стрез.

Некои писатели од религиозната област се послужиле со тие настани поврзани со Вардар и Савин Камен за да го величат делото на Свети Сава.

Така на пример, академикот Матија Беќковиќ зборува дека со престојот на Свети Сава покрај Савин Камен и Вардар за секогаш останале "овековечени неговите камени опинци, стапот и црпката во која ја носел водата."[67] Овој академик не наведува од каде дошол до податоците дека на Савин Камен има такви вдлабнатини, но според раскажувањето на постарите вратничани кои многу убаво го познаваат каменот, такви или слични гравури не се забележани. Ваквото верување за врската помеѓу Свети Сава и карпата најсликовито го повторува и Боривије Дробњаковиќ кој вели дека светецот Сава легнал на карпата да се одмори, но бидејќи Вардар многу силно бучел, тој не можел да заспие,

---

[64] Franz von Miklosich, Lexicon Palaeslovenico-graecum-latinicum, c.983

[65] Ѓорче Петров, Материјалите за изучувањето на Македонија, с. 417.

[66] Јован Хаџи Васиљевиќ, По тетовској области, с. 34.

[67] Матија Беќковиќ, Распеќе српског језика, с.5

па и заповедил на реката да се смири и тоа навистина се случило[68]. Во продолжение, овој писател исто така наведува кога Свети Сава се одморил и заминал, на карпата по некое чудо се зацртале три вдлабнатини од неговото тело, како што тоа го кажува и Матеја Беќковиќ. Ваквите верувања дека на карпата се наоѓаат отпечатоци од телото на Свети Сава не би требало да зачудува затоа што таквите чуда можат да бидат само дела на светци и натприродни битија. Сепак од овие религиозни записи се забележува дека вратничкото предание за Савин Камен прераснува во една од легендите на Свети Сава.

ЗАКЛУЧОК

Според вратничкото предание, достапните историски податоци и аргументи изнесени во овој труд, без сомнение се разоткрива дека Свети Сава и властелинот Стрез биле многу забележани и прикажани од локалните мештани. Затоа нивното присуство во овој вратнички предел со овие преданија и понатака ќе се пренесува на идните поколенија. Меѓутоа, овие преданија не би требало да се разберат само како доказ за нивното присуство туку тие можат да послужат како еден патоказ за идните истражувања на средновековната историја на Вратница, градовите Собри и Дворце, како и поширокатa историја на Полог. Самото постоење на вака голем број преданија, зборува дека тука навистина има што да се открие.

Толкувањето на историските податоци и аргументи презентирани во овој труд, укажуваат дека потеклото на името Савин Камен се поврзува со српскиот владика и светец Свети Сава. Ова тврдење се заснова на докажаното сознание дека Свети Сава имал причина да престојува во градот Собри во една дипломатска мисија кај севастократот Стрез. Тоа сознание се потврдува од многу голем број на историчари кои се занимавале со средновековната историја на младата српска држава. Исто така изгледа многу прифатливо и верувањето дека Свети Сава при посетата на Собри се сместил во својот шатор покрај реката Вардар и карпата Савин Камен сега по него наречена, а не во градот Собри. Наспроти тоа, врската помеѓу името на топонимот Савин Камен и Свети Сава, на што укажува вратничкото предание, се заснова на една цврста историска подлога.

Во секој случај, преданието за Савин Камен не само што има еден подлабок историски корен, туку тоа веќе прераснало во една од легендите за Свети Сава. Бидејќи легендите не се проверуваат како точни или неточни туку на нив или им се верува или не, па затоа вратничкото предание за Савин Камен ќе остане засекогаш зацртано во таа карпа покрај реката Врадар каде водата мирно и тивко тече. Така и *заповедал* Свети Сава, а според преданието за Савски Камен селото Вратница може да се гордее што спаѓа во групата села постари од 10 векови.

ЛИТЕРАТУРА

Петров Ѓ. (1896): Материјали за изучвањето на Македонија, Софиа

[52] Боривоје Дробњаковиќ, Народна религија код срба, с. 43.

Дробњаковиќ Б. Свети Сава. Народна религија код срба, Етнологија народа Југославије, Дигитална библиотека портала порекло

Доментијан (1988): Житије Светога Саве, Стара српска кижевност, Книга I, Српска книжевна задруга, Београд

Miklosich F., Lexicon Palaeoslovenico-latinium, Wien 1862-1865

Јуришиќ Г.И. (1852): Дечански првенац, Нови Сад

Петрушевски И., Петрушевска Н. (1999): Зборник на топоними на североисточниот дел од Долни Полог, Скопје

Микулчиќ И., Средновековни Градови во Македонија, Македонска Академија на Науките и Уметностите, Скопје

Fine J.V.A. (2009): The Late Medieval Balkans: A critical survey from the late twelfth century to the Ottoman conquest, The University of Michigan Press, Ann Arbor

Хаџи Васиљевиќ Ј. (1938): По Тетовској области Штампарија Драг. Петровиќа. Београд

Беќковиќ М. Српска географија је опредмеќена биографија Светог Саве, Никшиќ.

Арсиќ М. Црквене матичне књиге у законским рописима кнежевине Србије, Краљево.

Мутафчиев П., Владителите на Просек, София

Skok P. (1971): Etimologijski Rjecnik Hrvatskoga Jezika, Zagreb 1971.

Радиќ Р. (1939): Свети Сава и смрт огласног господара Стреза, Византолошки институт САНУЛ. Мирковиќ, Списи Светог Саве и Стевана Првовенчаног, Београд

Милосављевски С. (1985): Вратница - етносоциолошки приказ, Београд

Првовенчани С. (1988): Житије Светога Симеона, Стара српска кижевност, Житије Книга I, Београд

Свети Сава, Житије Светога Симеона, Книга I, Српска книжевна задруга, Београд 1988

Теодосије, Житије Светога Саве, Стара српска книжевност, Београд 1988

Тодор Геров, При Шарв, Исторически белешки за сев. Македонија от ипреди хилада година до краја 10-и век и спомени от Тетово, Софија 1934.

Томоски Т. (1957): Дали постоел градот Полог, Гласник на Институтот за Национална Историја, Скопје

Томовски Т. (1976): Средновековни градови во Полог, Годишен зборник на факултетот на Универзитетот во Скопје, Скопје

Владимир Ќоровиќ, Пројекат Растко, Библиотека Српске Културе на Интернету, Горњи Милановац, 1995, www.rastko.rs/kwi`evnost/usmena/legende_o_savi.html.

Стефановиќ Караџиќ В. (1808): Срспски Рјечник, истумачен њемачким и латинским речима, Београд

Тетово и тетовско низ историјата, Книга I, Тетово 1982

Дероко А. (2000): Путовања Светог Саве 1191 - 1237, Београд

Тшрковиб С. Двору средњовековним српским земљама, Енциклопедија историје и књижевности на српском језику, Историска библиотека, www.istorijskabiblioteka.com